20046

pres-kliping · press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
21. XI. 1971



ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ: КОМПОЗИЦИЈА (ЧЕЛИЧЕН ЛИМ)

НАШИ РАЗГОВОРИ

# Синтеза на човекот, времето и материјата

□ РАЗГОВОР СО ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ ЗА НЕГОВАТА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОС

Скулпторот Петар Хаџи Бошков деновиве отвори самостојна изложба од 32 скулптури во метал, 18 графики и 10 листови од библиофилското издание „Реч љубовна“ со негови графики и песни од десет македонски автори, во просториите на Музејот на современата уметност. Изложбата е всушност дополнета „варијанта“ на неговото самостојно претставување во Белград, Загреб и Љубљана.

**— Скулптурата ви е „фах“. Работите меѓутоа и на графика. Што значи таа за вас?**

— Заедничко меѓу скулптурата и графиката е стилот на изразувањето. Графиката најчесто ми е предподготовка за создавање на скулптурата. Кога е завршена, меѓутоа, таа е дело за себе...

**— Сите изложени склуптури се работени во метал.**

— Во ателјето работам на совладување и на други материјали — бетон, стакло дрво. Металот го сметам за материјал на нашето време. Тој ми овозможува постигнување на суровост во формата, острина соодветна на реакциите на човекот предизвикани од зрачењето на околината.

**— Инспирација ви е човекот.**

— Човекот, времето и материјата. Човекот е дел од времето, дел од материјата. Тоа се три нераздели елементи. „Мојот“ човек — метална вертикала, хоризонтала или полухоризонтала, на која не се означени надворешните, физички карактеристики на човекот, туку неговите внатрешни доживувања, неговите психички вибрации што се јавуваат како резултат на акциите на околината, значи времето во кое живее, ги синтетизира во едно тие три основни елементи. Тие доживувања се надворешно невидливи, можат само да се почувствуваат, да се чујат. На тоа внатрешно чувство во скулптурата му давам видлива форма. Мојата скулптура затоа може да ја разбере само човек надарен со способност за чувствување, човек што знае да ги претвори тие вибрации и ритми од форма во звуци...

**— Работите како професор во училиштето за применета уметност...**

— Од скулптура не се живее. Платата па не е толкава да може да ги покрие ни трошоците за материјал. Се прашувам понекогаш дали на еден град, односно република не би му биле покорисни инвестициите в еден уметник — за да го има како уметник од неколкуте негови часови педагошка работа...

**— Постои ли реална потреба од отворање ликовна академија кај нас?**

— Не само што има потреба, туку и доцниме со тоа неколку години. Со оглед на нерешеното прашање за прием на нашите студенти на другите академии во земјата, кај нас наскоро ќе се почувствува еден недозволив генерациски вакуум.

**— А наставен кадар за академијата?**

— Македонија има редица силни уметнички личности кои со успех можат да ја издржат светската конкуренција.

**— Во дискусиите за и против ликовна академија често се поставува прашањето што со кадрите што ќе ги дава таа?**

— Има место и тоа не само во стопанството. Прашањето не е каде со нив, туку како да се отстранат неквалификуваните од работните места за квалификувани. Инаку одличен успех е секоја генерација академци да остави по едно до две имиња што ќе значат нешто во уметноста. Тој факт меѓутоа, ги збунува луѓето од кои зависи отворањето на академијата. Тоа е така во уметноста, насекаде во светот.

**— Кога веќе зборуваме за еснафски проблеми, да не го заборавиме и ДЛУМ.**

— Неговата задача е веројатно толку едноставна што не збунува — со својата едноставност. Друштвото се зафаќа со сè, не разрешувајќи на крајот ништо. Проблемите на ликовните уметници се толку често изнесувани и повторувани. Треба само да се набележат на еден лист хартија и тој лист да стане програма за работа на ДЛУМ.

Н. МИТРЕВСКА